# З А П И С Н И К
## од 12-та седница на Советот на Општина Берово
## одржана на 16.06.2014 година
## со почеток во 15,30 часот

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Берово, Јован Матеничарски.

Од 15 советници на седницата присутни беа 14 советници: Јован Матеничарски, Дејан Пачемски, Предраг Монев, Златко Скендерски, Звонко Миовски, Биљана Марковска, Јасминка Димовска, Гоце Ружински, Дамјан Црвенковски, Влатко Вакански, Митко Кржовски, Виолета Марковска Димовска, Благица Русковска и Сунчица Цонкинска.

Советникот Антонио Двојаковски го најавил отсуството.

На седницата исто така присуствуваше и Градоначалникот Драги Нацински.

За работата на Советот на оваа седница, а во врска со член 51 став 2 од Законот за локална самоуправа во предвидениот законски рок претседателот на Советот Јован Матеничарски го предложи следниот

## Д н е в е н р е д

1. Разгледување на Решение за запирање на постапката на објавување на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани и фондации бр.08-1188/1 од 02.06.2014 година на Градоначалиникот на Општина Берово.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред:

Градоаначалникот Драги Нацински зеде збор. Да се преформулира точката на дневниот ред бидејки треба да се разгледува актот кој не е објавен со решението, а не решението, а тоа е Правилникот за критериумите и постапките за реализација на трансвери до здруженија на граѓани и фондации.

Претседателот на Советот Јован Матеничарски објасни дека Советот треба да го разгледа решението и да одлучи по него согласно член 51 став 2 од Законот за локална самоуправа.

Советникот Јаминка Димовска, Претседател на Комисијата за статут и прописи зеде збор и поднесе извештај. Комисијата за статут и прописи на Советот на Општина Берово на одржаната седница на 13.06.2014 година го разгледала решението и констатирала дека треба да се дополни предложениот дневниот ред со уште една точка. Како втора точка на дневниот ред беше предложен, Правилникот за критериумите и постапките за реализација на трансвери до здруженија на граѓани и фондации.

Предлогот на Претседателот на Комисијата за статут и прописи Јасминка Димовска за дополнување на дневниот ред со Правилник за критериумите и постапките за реализација на трансвери до здруженија на граѓани и фондации, Претседателот на Советот го даде на гласање.

Од присутните 14 советници со 14 гласа „за“ , нема советници кои гласале „против“, нема советници кои се „водржани“, нема присутни советници кои не

гласале, беше усвоен предлогот на советникот Јасминка Димовска за дополнување на дневниот ред.

Бидејки друг не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување следниот

## Д н е в е н   р е д

1. Разгледување на Решение за запирање на постапката на објавување на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани и фондации бр.08-1188/1 од 02.06.2014 година на Градоначалиникот на Општина Берово.
2. Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани и фондации бр.07-1128/1 од 27.05.2014 година.

Од присутните 14 советници со 14 гласа „за“ , нема советници кои гласале „против“, нема советници кои се „водржани“, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предложениот дневен ред со допонувањето за работа на 12-та седница на Советот.

**1. Разгледување на Решение за запирање на постапката на објавување на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани и фондации бр.08-1188/1 од 02.06.2014 година на Градоначалиникот на Општина Берово**.

Претседателот на Советот Јован Матеничарски отвори расправа по првата точка од дневниот ред.

Советникот Јасминка Димовска претседател на Комисијата за статут и прописи се јави за збор и даде извештај од работата на комисијата: Комисијата го разгледала решението на Градоначалникот и не се согласува со тоа дека Градоначалникот треба да ја формира комисијата во Правилникот. Исто така не се согласува и со вториот и третиот пасус од образложението на Решението, бидејки комисиите на советот редовно се собираат и даваат мислења и ставови. Не се повникува на позитивни законски одредби туку на паушални забелешки. Ние сметаме дека со комисијата не му се мешаме на Градоначалникот во извршување на буџетот и сметаме дека Советот треба да ја формира комисијата.

Градоначалникот зеде збор и додаде по првата точка треба да се расправа дали градоначалниот има или нема право да донесе решение. Дали решението е законски и правно издржано и дали е запазена законската процедура.

Претседателот на Советот наведе дека градоначалникот е во право Советот не може да расправа за истото.

Се предложи следниот

## З А К Л У Ч О К

1. Решението за запирање на постапката за објавување бр.08-1188/1 од 02.06.2014 година, е донесено согласно законските прописи и во предвидениот законски рок.

2. Советот на Општина Берово да премине на разгледување на втората точка од дневниот ред.

Претседателот на Советот, Јован Матеничарски го даде Заклучокот на гласање:

Од присутните 14 советници со 14 гласа „за“ , нема советници кои гласале „против“, нема советници кои се „водржани“, нема присутни советници кои не гласале, Заклучокот беше усвоен и се премина на втората точка од дневниот ред.

**2. Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани и фондации бр.07-1128/1 од 27.05.2014 година.**

Градоначалникот зеде збор и појасни со предложената измена на член 5 од Правилникот ќе има недоречености и може да генерира законски недоследности. Со измената на член 5, правилникот не треба да биде изгласан. Оваа Комисија ќе нема право да донесува решенија и заклучоци туку ќе дава само предлози. Сметам дека не треба да биде усвоен овој правилник и да се предложи нов правилник кој ќе се дополни и со други недоречености.

Претседателот на Советот Јован Матеничарски зеде збор и додаде: согласно член 38 од Законот за локална самоуправа и член 108 од Деловникот за работа на Советот, Советот формира постојани и повремени комисии. Постојаните комисии фукционират во рамки на Советот, а повремените комисии се формирааат надвор од рамки на Советот и поднесуваат извештај на Советот за работата за која се формирани. А вие предложивте во Правлникот да биде Комисијата формирана од Градоначалникот.

Согласно Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Берово, Советот на оваа седница треба да го потврди или не, актот кој е запрен со Решението за објавување во Службен гласник на Општина Берово.

Бидејки друг не се јави за дискусија Претседателот на Советот Јован Матеничарски го стави на гласање: Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани и фондации бр.07-1128/1 од 27.05.2014 година.

Од присутните 14 советници со 7 гласа „за“ , со 7 гласа „против“, нема советници кои се „водржани“, нема присутни советници кои не гласале, Советот не го потврди, Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани и фондации бр.07-1128/1 од 27.05.2014 година.

Седницата заврши во 16,30 часот.

**Бр.07-1816/1** **Совет на Општина Берово**
**27.08.2014 година** **Претседател**
**Б е р о в о** **Јован Матеничарски**